ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# А Н А Л И З А

## *од спроведено истажување „Третман и заштита на деца жртви на насилство во системот на социјална заштита“*

Скопје, декември 2022 година

## *Р Е З И М Е*

Милиони деца во светот живеат под закана или се жртви на злоупотребата, занемарувањето и насилството, како и на други кривични дела кои го загрозуваат нивниот правилен раст и развој. Семејството и нивните родители/старатели не можат секогаш да ги заштитат децата од надворешни опасности и закани, а често и самите тие се извор на кризи и насилство врз децата. Насилството врз децата претставува најтешка форма на кршење на нивните основни права, право на живот, опстанок и развој, право да живеат во благосостојба, да имаат детство. Децата жртви имаат долгорочни последици од доживеаната траума, нивното здравје и развој е нарушено, како и нивниот психички, социјален и морален интегритет.

Затоа, заштитата на децата од насилство и други кривични дела кои ги прават жртви е нивно право, но воедно и многу сложен и комплексен процес на постапување на повеќе сектори во системот на правда и заштита на децата.

Децата жртви имаат право на заштита од сите сектори и институции кои можат адекватно да одговорат на нивните потреби, особено на злоупотребените деца, да ги заштитат и да им помогнат во процесот на надминување на траумата. Затоа се промовира и поттикнува процесот на  меѓусекторски пристап и соработка, наспроти изолирано постапување на секторите. Моделот на меѓусекторски тим за постапување и заштита на деца од злоупотреба, занемарување и насилство и деца жртви на други кривични дела, претставува соработка помеѓу сите сектори во системот на заштита на децата односно полиција, центар за социјална работа, јавно обвинителство, судија за деца, здравствен, образовен сектор и граѓански организации.

## I. НОРМАТИВНА ОСНОВА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ДЕЦА ЖРТВИ СОГЛАСНО ЗАКОН ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА

Во Законот за правда за децата, децата жртви се препознаени како деца во ризик од 7 до 18 години кои меѓу другото може да бидат и жртви на насилство, воспитно и социјално запуштени, да се најдат во состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, деца кои не се вклучени во системот на образование и воспитување, вовлечени во питање, скитање или проституција, кои употребуваат дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол. Но, понатаму дефиницијата прецизира дека дете жртва е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело (чл.19).

Со децата жртви во центарот за социјална работа се постапува согласно Законот за правда за децата и предвидените одредби за деца во ризик и деца жртви, но и согласно Закон за социјална заштита во делот на услуги, психо-социјален третман и спроведување на мерки за помош и заштита, Закон за заштита на децата и Законот за семејство особено за децата под седум годишна возраст и во делот на постапки спрема родителите.

Во петтиот дел од Законот за правда за децата, се прави осврт на правата и заштитата на децата жртви на кривични дела и сведоци во кривичната постапка односно од чл.145 до чл.153.

Во овој дел се потенцира важноста од почитување на правата на децата жртви од страна на сите професионалци и институции кои постапуваат. Конкретно, со детето жртва потребно е да се постапува со почитување на неговото достоинство, без дискриминација, на јазик разбирлив и соодветен на неговата возраст, со почитување на правото на приватност, родителите/старателите да бидат информирани за целата постапка и заедно со детето да учествуваат во кривичната постапка како оштетен и да се оствари правото на обештетување со учество на адвокат. Освен овие општо познати човекови права, се обрнува внимание и на емотивниот аспект, зајакнување на чувството на сигурност и безбедност, посебна грижа за детето при постапување на сите органи во негов најдобар интерес, заштита од секундарна виктимизација, како и право на психолошка и друга стручна помош и поддршка.

За децата жртви предвидени се права на процесна заштита во сите фази на постапката пред суд, особено при давање исказ и испитување и кога станува збор за деца жртви на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба, како и на кривични дела против човечноста и меѓународното право или други тешки дела. Голема придобивка е можноста исказот на детето да се регистрира со видео и тонски запис, кој ќе се користи како доказ во натамошната постапка. Во исклучителни случаи, ако се појават нови околности, судот може повторно да го испита детето жртва најмногу уште еднаш преку користење на технички средства за комуникација. Како посебни мерки на процесната заштита на деца жртви и деца сведоци, судот може да определи користење на екрани за заштита на жртвата од обвинетиот, прикривање на идентитетот или на изгледот, давање исказ преку видеоконференција, отстранување на тогите и капите, исклучување на јавноста, видео и аудио запис на исказот и од распитот да се користи како доказ, земање исказ преку посредство на стручно лице и други. Постапката за деца жртви е итна и неопходно е со децата да постапуваат професионалци кои имаат компетенции, знаења, вештини и поминале специјализирана обука.

Освен Законот за правда за децата, за професионалците кои работат со децата жртви значајни документи се Заеднички протокол за постапување во случаи на злоупотреба и занемарување на деца, Протокол за работа на меѓусекторскиот тим со деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство, Националната стратегија (2020-2025) и Акциски план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од насилство.

## II. УЛОГАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ДЕЦА ЖРТВИ И ПРИМЕНА НА МЕРКИ ЗА ПОМОШ И ЗАШТИТА

Согласно Законот за правда за децата, центарот за социјална работа и стручните работници имаат значајна улога во брзо, ефикасно и ефективно постапување со децата жртви, како и во давање на психо-социјална помош и поддршка не само на децата жртви туку и на целото семејство. Центарот за социјална работа е дел од меѓусекторското постапување со децата жртви што е клучно и особено нагласено во Законот и протоколите. Моделот на меѓусекторски тим за постапување и заштита на деца од злоупотреба, занемарување и насилство претставува соработка помеѓу сите сектори во системот на заштита на децата односно полиција, центар за социјална работа, јавно обвинителство,

судија за деца, здравствен, образовен сектор и граѓански организации кои работат преку договорена процедура. Затоа стручните работници потребно е да располагаат со знаења, вештини и компентенции во работа со децата жртви, да бидат дел од меѓусекторскиот тим и да работат во најдобриот интерес на децата.

Постапката за деца жртви е итна и неодложна, особено за деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство кога центарот за социјална работа презема активности веднаш, без одложување. Во случај на пријава на дете жртва на други кривични дела, кои не се животно загрозувачки, односно детето не е во висок или среден ризик, центарот за социјална работа постапува согласно роковите предвидени во Закон за правда за децата.

Пријавувањето на случај на дете жртва или сомневање за злоупотреба и занемарување на дете, може да биде до центар за социјална работа, полиција или до јавното обвинителство. Пријавите за злоупотреба и занемарување на дете може да бидат од различен извор, од родител, самото дете, друго дете, граѓанско лице, стручно лице, институција, граѓанско здружение. Во случај пријавата да е во ЦСР, потребно е веднаш да се извести полицијата која го информира јавното обвинителство и по меѓусебна координација го повикува ЦСР заради усогласување на натамошните постапки и прибирање докази. Најчесто кога станува збор за дете жртва на сексуална злоупотреба, полицијата со јавниот обвинител организираат време и место на интервју со детето. По наредба на јавен обвинител, стручниот работник од ЦСР може да се најде во улога на водител на интервјуто со детето, лице од доверба за детето или да ја има улогата на претставник на ЦСР кој го следи интервјуто (директно присутен во просторијата или позади скрин) и ги заштитува правата и интересите на детето. Доколку стручните работници се на лице место на настанот, во домот каде што е детето или детето е во центарот за социјална работа и се утврди дека состојбата е високо ризична и животно загрозувачка за детето, потребно е веднаш да се преземат итни интервенции за негова заштита и размена на информации со полиција, обвинителство и евентуално здравствени или други институции. По почетната процена и преземените итни дејствија за заштита на детето од безбедносен и здравствен аспект, негово сместување (по потреба) и преземените итни дејствија во координација со другите сектори, следи детална процена на ризикот, потребите и потенцијалите на детето.

Деталната процена има за цел да утврди колкав е степенот на ризик за детето, кои други ризици за детето можат да се утврдат во тек на оваа фаза на постапката, дали постои опасност која ги загрозува безбедноста, здравјето и развојот на детето, кои мерки на помош и заштита можат да му се дадат на детето и на семејството, односно на ненасилниот и негувачки родител. Проценката околу загрозеноста на детето се утврдува во сите ситуации во кои можат да бидат загрозени безбедноста, животот и здравјето на детето, без разлика дали се работи за дете жртва на некоја форма на насилство, семејно насилство, врсничко насилство, неповолна здравствена, социјална или материјална положба на семејството, и/или некои други околности кои го попречуваат детето да го достигне соодветното ниво на здравје и развој.

При утврдувањето на состојбата на детето и ризикот, водителот на случај со стручниот тим преземаат низа активности, методи, техники и скали за проценка. Опсервација и интервју со детето, согласно возраста, неговата зрелост, емотивната состојба и однесувањето на детето со примена на скали за процена, интервју со родителите/старателите на детето примена на соодветни методи и техники, увид во нивниот дом, како и собирање и анализирање на податоци од стручни лица од други сектори со кои е стапено во контакт (здравствени, образовни, социјални установи,

граѓански здруженија) се утврдуваат мерките и услугите за заштита на детето и родителите/старателите во семејството и надвор од него. Се препорачува да се користи алатката „Три куќи“ за собирање информации од децата и нивните родители/старатели во однос на она што се случувало и/или се случува во нивните животи. Оваа техника не само што нуди можност за идентификување на грижите, туку и на потенцијалите и силните страни, кои можат да се искористат како ресурси за отстранување на опасностите/повредите, јакнење на безбедноста, но и да придонесат кон исполнување на целите за иднината.

Доколку се активира меѓусекторскиот тим за заштита на деца од злоупотреба, занемарување и насилство, се преземаат активности согласно Протоколот за постапување на меѓусекторскиот тим за заштита на деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство.

Во текот на постапките кои се водат се пополнува стручна докуменатција и меѓусебно известување со другите сектори. По проценката се изготвува План за индивидуална работа со корисник со целосна партиципација на детето, неговите родители/старатели и други членови на семејството (браќа, сестри и сл.), со утврдување на динамика и рок за реализација на активностите.

## III. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

Предмет на анализата е актуелната пракса во центрите за социјална работа при постапување со деца жртви согласно Законот за правда за децата. При тоа се прави осврт на начинот на постапување на стручните работници, примена на методи, техники и скали за процена, соработка со другите сектори, како и потреби и предизвици при нивно реализирање. Воедно Анализата содржи и квантитативни податоци за деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство по градови и општински плански региони како основа за планирање на ресурси за помош и поддршка на децата жртви.

За потребите на анализата, ЈУ Завод за социјани дејности - Скопје, изработи и електронски спроведе анкетен прашалник во сите 30 центри за социјална работа во РС Македонија. Воедно се користеа индикаторите за собирање на податоци за деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство, кои Заводот на годишно ниво ги собира и обработува за потребите на Националното координативно тело за заштита на деца жртви на злоупотреба и занемарување при МТСП. Во Анализата се користи професионалното искуство во обласа, ставовите и сознанијата на советничките од Заводот кои ги добиваат како преку следење на проблематиката, така и преку стручни надзори и координативни работни средби со стручните работници од системот за социјална заштита.

Истражувањето беше насочено кон повеќе области:

- знаења и компетенции на стручните работници во центрите за работа со деца жртви на на злоупотреба, занемарување и насилство и други кривични дела согласно Законот за правда за децата, примена на методи, техники и скали за процена и примена на мерки за помош и заштита и услуги;
- соработка со институции и даватели на услуги;
- предизвици и тешкотии со кои се соочуваат при реализација на мерките за помош и заштита;

- потреби за стручно усовршување на стручните работници во центрите.

### 3.1. Анализа на добиените податоци

Добиените податоци од центрите за социјална работа преку прашалниците и индикаторите, даваат базен на квалитативни и квантитативни информации кои се обработени и анализирани. Истите се користат за изведување на заклучоци и давање на препораки.

***I. Квантитативни податоци добиени од индикаторите за собирање на податоци за деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство***

Квантитативните податоци кои ЈУ ЗСД-Скопје преку осум индикатори ги собра од сите ЦСР во РСМ, ќе ни овозможат да добиеме преглед на децата жртви на сите форми на насилство кои во 2021 година биле евидентирани и за кои системот на социјална заштита презeмал мерки и активности за психо-социјален третман на оваа категорија на корисници.

Во оваа анализа податоците ќе ги искористиме да добиеме општ преглед за распространетост на оваа појава, но и да добиеме „личната карта“ за тоа кои се децата жртви на злоупотреба и занемарување во 2021 година.

Податоците добиени преку индикаторот бр.1 ќе ни дадат преглед за вкупниот број на деца жртви на насилство, кои за прв пат биле евидентирани во сите ЦСР на РСМ во 2021 година. Но, и за децата евидентирани во 2020 година, а кои продолжиле да добиваат некаков вид на психо-социјална помош, поддршка и услуги и во тековната 2021 година. Истите се добиени од 30 ЦСР во РСМ, со напомена дека за периодот 2020 и 2021 година кој е предмет на оваа анализа во пет (5) центри за социјална работа не се евидентирани деца жртви на занемарување и злоупотреба, и тоа во: Валандово, Кичево, Кратово. Македонски Брод и Ресен.

Во 2021 година психо-социјална помош, поддршка и услуга добиле вкупно 358 деца жртви на злоупотреба и занемарување, од кои 318 за прв пат биле евидентирани во 2021, а 40 деца веќе биле евидентирани во претходната 2020 година и се уште добивале третман во системот на социјална заштита во тековната 2021 година. Најголем број деца жртви на насилство во 2021 година се евидентирани во ЈУ МЦСР Охрид (102), а најмалку од пријавените се евидентирани во ЈУ МЦСР Дебар, Пробиштип, Радовиш, Струга и Струмица, по 1 дете. (табела бр.1)

**Табела бр.1:** *Број на деца жртви евидентирани во центрите за социјална работа во 2021 и 2020 година*

| Реден број | ЦСР | Евидентирани во 2020 год. | Ново евидентирани во 2021год. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Берово | 1 | 4 | **5** |
| **2.** | Битола | 4 | 39 | **43** |
| **3.** | Велес | | 5 | **5** |
| **4.** | Виница | 1 | 2 | **3** |
| **5.** | Гевгелија | | 2 | **2** |
| **6.** | Гостивар | | 2 | **2** |
| **7.** | Дебар | | 1 | **1** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | Делчево | 1 | 4 | **5** |
| **9.** | Демир Хисар | | 2 | **2** |
| **10.** | Кавадарци | 1 | 10 | **11** |
| **11.** | Кочани | 1 | 12 | **13** |
| **12.** | Крива Паланка | 1 | 3 | **4** |
| **13.** | Крушево | | 6 | **6** |
| **14.** | Куманово | 8 | 23 | **31** |
| **15.** | Неготино | 2 | 8 | **10** |
| **16.** | Охрид | | 102 | **102** |
| **17.** | Прилеп | 9 | 17 | **26** |
| **18.** | Пробиштип | 1 | 1 | **2** |
| **19.** | Радовиш | 1 | 1 | **2** |
| **20.** | Свети Николе | 2 | 9 | **11** |
| **21.** | Скопје | 5 | 51 | **56** |
| **22.** | Струга | 1 | 1 | **2** |
| **23.** | Струмица | 1 | 1 | **2** |
| **24.** | Тетово | | 7 | **7** |
| **25.** | Штип | | 5 | **5** |
| **Вкупно** | | **40** | **318** | **358** |

Од вкупниот број на ново евидентирани деца жртви на насилство во 2021 година (358) кои добивале третман и заштита во 25 ЦСР на РСМ, 55 % биле од женски пол и 45% од машки пол. Овој податок упатува на заклучок дека полот на детето не е пресуден фактор за изложеност на злоупотреба и занемарување, односно дека скоро подеднакво исто и женските и машките деца во 2021 година биле жртви на насилство. (табела бр.2).

**Табела бр.2:** *Број на деца жртви по пол/род, со кои се работело во центрите за социјална работа во 2021 година.*

| **Пол/род на деца жртви** | **Евидентирани во 2020 год.** | **Ново евидентирани во 2021год.** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Женски | 27 | 175 | **202** |
| Машки | 13 | 143 | **156** |
| **Вкупно** | **40** | **318** | **358** |

Според возрасната категорија од вкупно евидентираните деца во 2021 година (358), 61% како најранливи и лесно достапни да станат жртви на насилство се издвојуваат децата од 6 до 14 годишна возраст. Односно приближно исто ранливи се децата на возраст од 6 до 10 години, кои се застапени со 28% и децата од 11 до 14 годишна возраст застапени со 33%  во вкупната бројка на евидентирани деца жртви на злоупотреба и занемарување. (табела бр.3)

**Табела бр.3:** *Број на деца жртви по возраст, со кои се работело во центрите за социјална работа во 2021 година.*

| **Возраст** | **Вкупен број на деца за 2020 и 2021 год.** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| 0 - 5 год. | 34 |
| 6 - 10 год. | 102 |
| 11 - 14год. | 118 |
| 15 - 16 год. | 82 |
| 17 - 18 год. | 22 |
| **Вкупно** | **358** |

Во однос на видот на насилство на кои биле изложени децата, како најдоминантна се издвојува емоционалната злоупотреба, која е застапена со 38% од вкупниот број на евидентирани деца спрема кои центрите за социјална работа преземале мерки на третман и заштита во 2021 година. Скоро половина од вкупниот број на евидентирани децата жртви на емоционална злоупотреба (135) во 2021 година биле пријавени од страна на ЈУ МЦСР Охрид (71), што упатува на заклучокот дека овој центар за социјална работа во постапките при нивниот третман и заштита покрај основниот вид на злоупотреба ја препознава и емоционалната, како придружен елемент на било кој вид на насилство.
Втора по застапеност е сексуалната злоупотреба претставена со 24%, односно скоро една четвртина од вкупниот број на евидентирани деца биле жртви на еден од најтешките и најкомплексен вид на насилство. (табела бр.4)

**Табела бр.4:** *Број на деца жртви според вид на примарно насилство по кое биле евидентирани и со коисе работело во центрите за соцјална работа во 2021 година*

| Вид на насилство (занемарување и злоупотреба) | Вкупен број на деца за 2020 и 2021 година |
|---|---|
| Занемарување | **41** |
| Физичка злоупотреба | **52** |
| Емоционална злоупотреба | **135** |
| Сексуална злоупотреба | **87** |
| Друг вид на насилство | **43** |
| **Вкупно** | **358** |

Кога правата на децата кои ги уживаат согласно Конвенцијата за правата на детето и домашната легислатива не се почитуваат и/или се кршат од страна на поединци и/или институции, особено кога за тоа се одговорни родителите и/или старателите на децата жртви на насилство, центрите за социјална работа при нивниот третман и заштита имаат право, должност и обврска да преземат активности во насока на покренување на постапки согласно Законот за семејство во делот на надзор над и/или одземање на родителското право на лицата кои законски се обврзани да се грижат за овие деца

Согласно добиените податоци кои се предмет на оваа анализа превентивната мерка преку покренување на постапка за вршење надзор над родителското право во 2021 година била применета од страна на 16 центрите за социјална работа и тоа спрема 70 родители, од кои приближно исто се застапени и мајките (37) и татковците (33). Од вкупниот број на вакви постапки најмногу покренал ЈУ МЦСР Битола (15), а најмалку ЈУ МЦСР Берово, Гевгелија и Свети Николе, по една.

Иницирани постапки за одземање на родителското право биле покренати само од страна на 3 центри за социјална работа од вкупно горенаведените 13, а спрема 3 мајки и 1 татко.

Од страна на надлежниот суд добиени се 4 решенија со кои на родителите/старателите им е одземено родителското право. (табела бр. 5)

**Табела бр.5:** *Број на покренати постапки од страна на центрите за социјална работа за надзор над и/или одземање на родителското право спрема родителите/старателите во 2021 година*

| ЦСР | Надзор над вршењето на родителското право | | Постапка за одземање на родителско право | | Добиени Решенија од Суд за одземено родителско право |
|---|---|---|---|---|---|
| | мајка | татко | мајка | татко | |
| Берово | | 1 | | | |
| Битола | 10 | 5 | | | |
| Велес | 2 | 2 | | | |
| Гевгелија | 1 | | | | |
| Делчево | 2 | 3 | | | |
| Кавадарци | 3 | 1 | | | |
| Кочани | 8 | 6 | 1 | | 1 |
| Куманово | 2 | 6 | 1 | | 1 |
| Неготино | 2 | 2 | | | |
| Прилеп | 3 | 2 | | | |
| Свети Николе | | 1 | 1 | 1 | 2 |
| Скопје | 3 | 3 | | | |
| Штип | 1 | 1 | | | |
| **Вкупно** | **37** | **33** | **3** | **1** | **4** |
| **Тотал** | **70** | | **4** | | |

Кога стореното насилството високо го загрозува животот, безбедноста и здравјето на детето, тогаш е потребно активностите кои се преземаат од страна на сите сектори вклучени во неговиот третман да бидат максимално брзи и синхрони, а за што е неопходно потребно формирање на меѓу секторски тим за постапување. Функцијата на овој тим е итно, навремено, координирано и ефикасно постапување помеѓу сите чинители, надлежни сектори и други учесници вклучени во третманот и заштитата, како битен предуслов за реализација на планираните специфични интервенции, заради успешно заздравување и овозможување на соодветни услови за понатамошен правилен раст и развој на оваа категорија на деца. Формирањето на ваков тим е секогаш неопходно потребен при постапување со децата жртви на сексуална злоупотреба, имајќи во предвид дека се работи за еден од најтешките и најкомплексни видови на насилство, кој ги засега сите сегменти на детската личност и има долгорочени негативни последици врз сите домени на неговиот живот.

Од горенаведените причини предмет на интерес на оваа анализа се и податоците добиени од ЦСР во РСМ во однос на тоа за колку деца жртви на насилство се формирани меѓу секторски тимови. Имено во 2021 година само за 13 деца жртви на насилство се формирани меѓу секторски тимови за третман и заштита на оваа категорија на корисници и тоа во: Берово, Куманово, Пробиштип, Скопје и Тетово. Најмногу вакви тимови се формирани во Куманово за 4 деца, а најмалку во Прилеп и Скопје за по 1 дете. (табела бр.6)

**Табела бр.6:** *Број на деца жртви за кои е формиран меѓу секторски тим во 2021 година*

| **ЦСР** | **Број на деца за кој е формиран меѓусекторски тим** |
|---|---|
| Берово | 2 |
| Куманово | 4 |
| Пробиштип | 1 |
| Скопје | 1 |
| Тетово | 5 |
| **Вкупно** | **13** |

### *II. Квалитативни податоци добиени од анкетирање на стручните работници во центрите за социјална работа преку прашалник*

Прашалникот содржи 12 прашања од отворен тип, со неколку потпрашања доколку одговорот на прашањето е потврден или доколку се бараат предлози и коментари. Прашањата се конструирани на начин да дадат објаснувања или одговори за одредени состојби со децата жртви кои се добиени и констатирани преку квантитативните податоци од индикаторите.

**1.** На прашањето кои методи и техники ги користат стручните работници во центарот за социјална работа при процена на децата жртви на злоупотреба/занемарување

и други кривични дела и нивните семејства, добиени се речиси идентични одговори од сите центри. Најчесто се користат  методи, скали и техники за проценка на ризикот, потребите и потенцијалите на детето во негов најдобар интерес, а и на родителите/старатели. Од методите се користат интервју со дете/родител, опсервација, увид во домот, увид во документација и координативни состаноци со други сектори. Се практикуваат техники на интервјуирање која се користи за процена на био-психо-социјалниот статус на детето и капацитетите на родителите/семејството, „генограм“, „триаголникот на мојот свет“, „матрица на отпорност“ и алатката - „три куќи“. Најчесто применувани скали за процена се: скала на станбени услови, социограм, скала за емоционална состојба на детето, прашалник за сили и тешкотии на родителите, прашалник за неодамнешни настани во семејството, прашалник за родителски надзор. Дел од стручните работници користат кративни и проективни техники за работа со децата жртви како што се „цртеж за мене“, „цртеж на мојот дом“ и „цртеж на семејството“.

**2.** Карактеристично е што стручните работници во центрите за социјална работа користат исти или слични методи, техники и скали како во фаза на процена, така и во фаза на третман и заштита на децата жртви. Единствено методот на советодавна работа/советување, сместување на дете, упатување во здравствена или друга соодветна установа и формите од надзор над родителско право се користат исклучиво во оваа фаза.

**3.** За успешен третман и заздравување на детето жртва, покрај навремена и добра процена, неопходно е потребно и добро осмислување на фазата на планирање на идни активности како со детето, така и со родителите/старателите. За таа цел од стручните работници беше побарано да ги претстават елементите на индивидуалниот план за работа со корисник, односно да ги наведат активностите, динамика и рок за нивна реализација, евалуација и ревизија на планот.

Најчесто ***планирани активности*** со детето жртва и неговите  родители/старатели се:

- овозможување сигурно опкружување на детето;
- работа со детето заради развивање свесност дека не е виновно за настанот;
- помош и поддршка во училиште;
- јакнење на родителските капацитети за преземање на грижата за детето;
- психо-социјална поддршка на детето и семејството за  надминување на последиците од злоупотребата;
- заштита на детето од понатамошни форми на злоупотреба;
- следење на развојот на детето, како и унапредување на здравјето и благосостојбата на детето и семејството;
- остварување на правата на детето и заштита во сите судски постапки.

Овие активности имаат општ карактер, но дел од стручните лица користат и поспецифични и конкретни активности, како што се:

- примена на методи, техники и скали за репроценка на ризикот, потребите и потенцијалите на детето;
- увид во домот на детето;
- ставање на детето под сатрателство;
- сместување на детето во згрижувачко семејство или примена на друга форма на заштита;
- упатување во други служби кои во соработка со центарот за социјална работа ги спроведуваат мерките за заштита и даваат други услуги;

- упатување во советувалиште;
- помош и поддршка на детето при учество во судска постапка.

Во однос на динамиката на извршување на планираните активности, стручните работници најчесто во првите две недели имаат поинтензивни контакти и активности со детето и родителите/старателите. На пример во Дебар, првата недела се предвидени секојдневни активности, во Гевгелија и Пробиштип задолжително по една посета/разговор неделно, Велес два пати месечно, но по потреба почесто.

Во центрите за социјална работа, временски рок за реализација на панираните активности е шест месеци.

Евалуација на активностите на планот, центрите за социјална работа ја прават различно во зависност од динамиката и рокот за реализација на планираните активности, од неделно ниво (на пр. во Пробиштип, Кратово) до месечно ниво. Ревизија на активностите и/или на планот, се прави на шест месеци, а по потреба и порано, заради изменети околности на живеење и/или актуелни потреби согласно промените во растот и развојот на детето. Во центарот за социјална работа во Скопје динамиката, рокот како и евалуацијата и ревизијата зависи од индивидуалните потреби на детето и промените во фактичката состојба.

**4.** Помошта и поддршката на детето жртва и неговото семејство од страна на системот за правда и заштита на децата, се огледа во индивидуалниот план кој се изготвува врз основа на проценката и утврдените ризици и потреби, а имајќи ги предвид јаките страни и потенцијалите на детето, родителите/старателите и пошироката социјална средина. Затоа во истражувањето се направи осврт на ресурсите со кои располагаат центрите за социјална работа на локално ниво и кои се користат за реализација на предвидените активности во индивидуалниот план. Дел од центрите не располагаат со ресурси или истите се минимални кои би ги користеле при реализација на предвидените активности за успешен исход на третманот. Такви се: Дебар, Охрид, Кичево, Крива Паланка

Дел од центрите соработуваат и ги користат само училиштата (Ресен, Струга, Велес, Демир Хисар, Струмица и Гостивар), дел само со полиција или со двата сектора како што е случај во Кратово.

Ресурси кои се користат на локално ниво во Пробиштип, Скопје, Неготино, Берово, Свети Николе, Гевгелија се училиштата кои преку стручните служби преземат активности во советодавен третман и здравствена установа односно матичен лекар, педијатар, психијатар и гинеколог. Во Радовиш Црвениот крст и општината се препознаени како солидни ресурси и се користат, а во Македонски Брод се користат сите горенаведени ресурси.

Најмалку центрите за социјална работа соработуваат со граѓански сектор, освен центрите за социјална работа во Штип и Гостивар

Затоа како предлози за развивање на ресурси на локално ниво, центрите посочуваат развивање на центри за дневен престој на деца, советувалишта, клубови за млади, развивање на специјализирани згрижувачки семејства за деца жртви, центри за родители и програми за позитивно родителство. Советувалиштата да даваат услуги преку специјализирани програми за третман на деца жртви на злоупотреба и нивните семејства Неопходно е развивање на групен дом, центри за рехабилитација, шелтер центри на регионално ниво. Заживување на социјалната превенција особено од насилство врз деца преку формирање на општински совети за превеница на детско престапништво и планирање на превентивни активности. Дел од центрите предлагаат оспособување на посебни простории за разговор со деца, со аудио-визуелна опрема согласно Законот.

**5.** Генерално центрите најдобра соработка имаат со полиција и училиштата, а отежната соработка со јавните обвинители и судот. Намалената соработка, според мислењето на стручните работници се должи на недостаток на знаења на Законот за правда за децата и постапките кои се надлежност на поедини сектори; отсуство на вештини за работа со деца; често менување на работните позиции и проблематиката на која работат професионалците во рамките на секој од секторите поединечно; непрофесионалност и/или отсуство на професионална одговорност кај претставниците од секторите доколку направат пропуст и/или ги прекршат надлежностите при постапување со децата жртви.

Како предлози за подобрување на соработката со другите сектори, центрите за социјална работа наведуваат неопходност од меѓу секторски обуки; следење на законските измени; развивање на услуги од страна на лиценцирани даватели на услуги; воспоставување и/или зголемување на буџет во рамките на секторите наменети за работа со оваа категорија на деца и родители/семејства; во рамките на секој од секторите поединечно да се назначи конкретно лице/професионалец за контакт и комуникација при постапување со децата жртви; како и сензибилизирање за проблематиката на локалната заедница, градоначалниците и членовите на општинските совети,

**6.** Меѓу секторското постапување е задолжително во случај на дете жртва на занемарување или злоупотреба, затоа важен аспект од ова истражување е да се констатира како се постапува со децата жртви и да се унифицира постапката со цел избегнување на секундарна виктимизација на децата. Во најголем број на центри за социјална работа меѓу кои се Струмица, Демир Хисар, Кратово, Кичево, Пробиштип, Гевгелија, Ресен и други, најчесто се користи телефонска комуникација и се договараат средби во најбрз можен рок, а согласно најдобриот интерес на детето имаат воспоставено пракса на успешно и брзо координирано известување заради спроведување на интервју кое предходно меѓу секторски е планирано.

Во Скопје практикуваат писмена комуникација, координативни средби и состаноци, додека пак во Радовиш и Струга се организираат средби со претставници на полиција и здравствен дом на локално ниво и постапување на мулти секторски стручен тим.

Од Дебар посочуваат за тешкотии во постапувањето на меѓу секторскиот тим, поради непознавањето на законот и нестручност од страна на другите сектори и заради брза заштита на децата, стручните работници од центарот преземаат активности кои не се во нивна надлежност, за што се иницирани и состаноци, но без позитивен исход. Центарот за социјална работа од Велес го истакнуваат проблемот дека со воведување на метод на интегрирано водење на случаи, сите стручни работници немаат знаење за постапување со деца жртви, но и дека во овој период не постои мулти секторски стручен тим.

За најлесно достапен сектор центрите за социјална работа ја посочуваат полицијата, а потешкотии се детектирани во постојаноста и одржливоста на овој тим на долг временски период, заради немање на соодветни и континуирани просторни и материјално - технички ресурси.

На прашањето дали има формирано и функционира меѓу секторскиот тим, односно дали постапува кога има случај на дете сексуално злоупотребено или дете во висок ризик од друг вид насилство, стручните работници од центрите ја посочуваат состојбата во својот град која генерално е различна. Најчесто меѓу секторски тим кој координирано постапува не само со деца жртви на сексуална злоупотреба и друг вид на насилство, туку и во сите случаи на семејно и родово базирано насилство. Таква е ситуацијата во Пробиштип, Велес,

Ресен, Струмица, додека во Дебар и Гостивар тимот функционира со тешкотии, а дел од центрите известуваат дека и меѓу секторскиот тим не функционира според процедурите и протоколот на МСТ, туку согласно процедурите на поединечните сектори. Има и центри за социјална работа во кои нема формирано меѓу секторки тим како Крива Паланка, Струга, Берово, Неготино.

Меѓу секторските тимови се соочуваат со низа потешкотии при постапувањето, меѓу кои јасно разграничување на надлежностите на секторите, не соработка на претставник од здравство, нестручно постапување на дежурни полициски службеници без специјализирана обука, недостатог на психолог во центарот во Македонски Брод,

Како предлози за надминување на потешкотиите, зајакнување и подобрување на работата на меѓу секторскиот тим за постапување со дете сексуално злоупотребено или дете во висок ризик од друг вид насилство се даваат сериозен пристап кон проблематиката која е чувствителна и сложена, меѓу секторски обуки, состаноци и средби согласно Протоколот за постапување на овој тим, овластување и официјализирање на меѓу секторскиот тим, специјализирање на одредени стручни работници од центрите за работа на оваа проблематика.

**7.** На прашањето кој го води првото интервју со дете жртва на сексуална злоупотреба или со дете во висок ризик од друг вид насилство, добиени се речиси идентични одговори, дека носители на оваа активност најчесто се стручните работници од центрите за социјална работа. Во Дебар, Гевгелија, Пробиштип, Ресен, Струмица, Велес, Македонски Брод, Радовиш првото интервју со детето жртва го води стручен работник од центарот, бидејќи според нивно мислење имаат најголемо знаење, поседуваат вештини, применуваат техники и методи адекватни за работа со дете во висок ризик. Во Кратово и Струга интервјуто го води претставник од полиција, но во присуство на стручен работник од центарот за социјална работа. Во Скопје практикуваат интервјуто да го водат стручно обучени лица од центарот и/или полиција.

**8.** Покрај важноста на начинот на кој се води првото интервју со детето жртва, многу значаен аспект е истото да не се повторува за да не дојде до секундарна виктимизација на детето. Стручните работници информираат дека тоа не е честа пракса. Но, во Крива Паланка, Свети Николе, Струмица и Велес имат случаи кога детето се интервјуира повеќе пати во различни институции. Во Скопје единствено ако се појави потреба, а тоа ретко се практикува и доколку ОЈО бара дополнителни информации или доколку не добијат навремено известување од страна на полицијата. Во Пробиштип второ интервју спроведува ОЈО Штип, како и во Дебар детето е интервјуирано и во ОЈО и во суд од причина што овие институции се во други градови. Постои и пракса кога детето по втор пат се интервјуира и од страна на Судот, забележано од страна на Неготино и Кичево, како и од страна на МВР на што укажуваат Делчево и Берово.

**9.** Стручните работници имаат потреба од континуирано надградување на нивните знаења и вештини за работа со деца жртви на насилство, заради професионално и поадекватно постапување со нив.

## IV. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Во 2021 година во 25 центрите за социјална работа (од вкупно 30), психо-социјална помош, поддршка и услуга добиле вкупно 358 деца жртви на злоупотреба и занемарување, од кои 318 за прв пат биле евидентирани во 2021, а 40 деца веќе биле евидентирани во претходната 2020 година и се уште добивале третман во системот на социјална заштита.
2. Од вкупниот број на ново евидентирани деца жртви на насилство во 2021, 55 % биле од женски пол и 45% од машки пол, што значи дека полот на детето не е пресуден фактор за изложеност на злоупотреба и занемарување. Според возраста 61% како најранливи и лесно достапни да станат жртви на насилство се издвојуваат децата од 6 до 14 годишна возраст.
3. Најголем број деца жртви на насилство во 2021 година се евидентирани во ЈУ МЦСР Охрид (102), а најмалку од пријавените се евидентирани во ЈУ МЦСР Дебар, Пробиштип, Радовиш, Струга и Струмица, по 1 дете.
4. Најдоминантна е емоционалната злоупотреба врз деца, која е застапена со 38%, а втора по застапеност е сексуалната злоупотреба претставена со 24%, односно скоро една четвртина од вкупниот број на евидентирани деца биле жртви на еден од најтешките видови насилство.
5. Постапка за вршење надзор над родителското право во 2021 година била применета од страна на 16 центрите за социјална работа и тоа спрема 70 родители, од кои приближно исто се застапени и мајките (37) и татковците (33). Иницирани постапки за одземање на родителското право биле покренати само од страна на 3 центри за социјална работа (Кочани, Куманово и Свети Николе) и тоа спрема 3 мајки и 1 татко. Од страна на надлежниот суд добиени се 4 решенија со кои на родителите/старателите им е одземено родителското право (Кочани, Куманово и Свети Николе).
6. Само за 13 деца жртви на насилство во 2021 година се формирани меѓу секторски тимови за третман и заштита на оваа категорија на корисници и тоа: Берово, Куманово, Пробиштип, Скопје и Тетово. Најмногу вакви тимови се формирани во Куманово за 4 деца, а најмалку во Прилеп и Скопје за по 1 дете.
7. Стручните работници во центрите за социјална работа користат исти методи, техники и скали за проценка во фазата на проценка и во фазата на третман и заштита на дете жртва.
8. Планот за индивидуална работа со корисник претежно содржи општи активности за работа со оваа категорија на корисници, а кои не упатуваат на индивидуалност на потребите на детето и/или родителите/старателите и од тие причини не може да се утврди постигнатиот резултатот од нивниот третман.
9. Поддршката на центрите за социјална работа за користење на ресурсите на локално ниво како мерки за помош и заштита на децата жртви зависи од развиеноста на единиците на локална самоуправа, односно од присутноста и посветеноста на професионалците даватели на овие услуги.
10. Првото интервју со детето жртва најчесто го водат стручните работници од центарот за социјална работа.

11. Во одредени региони во РС Македонија, се уште постои пракса на повеќекратно интервјуирање на детето жртва на насилство и негова секундарна виктимизација, особено ако институциите кои постапуваат се лоцирани во различни градови.
12. Постои потреба од континуирана професионална едукација на стручните работници за постапување и работа со деца жртви на насилство.

## V. ПРЕПОРАКИ

1. Брзо, ефикасно и ефективно постапување на центрите за социјална работа во случај на дете жртва на насилство и користење на сите расположливи ресурси за нивна заштита.
2. Стручните работници во центрите за социјална работа да прават разлика помеѓу проценка и планирање и согласно тоа да користат адекватни методите, техники и скали за проценка во фазата на проценка и во фазата на третман и заштита.
3. Планот за индивидуална работа со корисник да содржи конкретни активности за третман и заштита на детето жртва согласно изложеноста на ризиците и неговите индивидуални потреби и потенцијали, со вклучување на родителите/старателите, семејството и пошироката социјална средина, како и поставување на приоритети во постапувањето заради давање на брза и ефикасна услуга. За успешна имплементација на планот потребно е да се прави редовен мониторинг, ревизија и евалуација, со цел континуирано прилагодување на активностите и услугите кон потребите на корисникот.
4. Задолжително користење на надзор над вршење на родителско право во ситуации на сомнеж од занемарување на децата во семејството, како механизам за заштита и превенција од насилство и злоупотреба.
5. Задолжително иницирање, формирање и користење на меѓу секторскиот тим при работа со деца кои се во висок ризик, односно деца жртви на сексуална злоупотреба и/или жртви на друг вид злоупотреба/насилство, а кога е загрозен нивниот живот, здравје и безбедност.
6. Водење на точна евиденција за број, пол, возраст и други параметри на децата жртви/сведоци на насилство на ниво на центар за социјална работа, по потреба воспоставување на интерни процедури помеѓу водителите на случај/стручни тимови/служби за размена на податоци и информации кои ќе бидат релевантни и секогаш идентични во нивно доставување до барателите на податоци (Завод за социјални дејности, МТСП, Народен правобранител, Национално координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување, Државен совет за превенција на детско престапништво и други поединци/институции). Валидните податоци обезбедуваат објективно следење на појавата, подобрување и креирање на нови политики/закони/програми и развој на локални ресурси за третман и заштита на децата, со нагласок на специфичните/специјализирани форми.
7. Заради обезбедување на ефикасен и ефективен третман и заштита на децата жртви на занемарување, злоупотреба и насилство во системот на социјална заштита потребно е континуирано градење и јакнење на професионалните капацитети на стручните работници во центрите за социјална работа кои постапуваат со оваа категорија на деца. За таа цел потребно е директорите на центрите за социјална

работа во соработка со стручните работници е потребно да го планираат нивниот професионален развој, односно избор на модули за деца жртви од Програмата за Континуирана професионална едукација на ЈУ ЗСД-Скопје, преку регистрирање и вклучување на интернет платформата на Заводот (e-obuki.zsd.gov.mk) и користење на едукативните материјали и обучување, како и преку вклучување во меѓу секторски обуки, самостојно дополнително доедуцирање и др.

8. Да се воспостави моделот на „Сигурна куќа за деца жртви/сведоци на насилство - Барнахус", кој ќе обезбеди целосна заштита на оваа категорија на деца при постапување на институциите од различни сектори, особено во големите градови и нивно користење на регионално ниво. Овој модел ќе овозможи претставниците од сите релевантни институции (полиција, центар за социјална работа, здравство, обвинителство и одбрана) да ги спроведат активности согласно нивните законски надлежности при постапување во случаи на деца жртви/сведоци на насилство со присуство на едно место во пријатна, безбедна и незастрашувачка средина за децата. На тој начин ќе избегне неколкукратното интервјуирање на детето жртва, како предуслов за превенција од негова секундарна виктимизација од сите релевантни чинители задолжени за негов третман и заштита.

**Изработиле:**

**Невена Петровска, д-р на педагошки науки**

**Снежана П.Мишевска, психолог**